Трет симпозиум

# МЕНАЏМЕНТОТ И СОВРЕМЕНИТЕ ПРАКТИКИ

Предметен фокус

# МЕНАЏМЕНТОТ И ВРАБОТЛИВОСТА

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ - БАС, СКОПЈЕ**
**БАС ИНСТИТУТ ЗА МЕНАЏМЕНТ, БИТОЛА**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

од третиот симпозиум

**„МЕНАЏМЕНТОТ И СОВРЕМЕНИТЕ ПРАКТИКИ“**

со предметен фокус
**„МЕНАЏМЕНТОТ И ВРАБОТЛИВОСТА“**

**СКОПЈЕ, 2014**

**Издавач**

Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје
БАС Институт за менаџмент, Битола

**За издавачот**

Доц. д-р Кристина Крстеска
Претседател на програмски одбор

**Техничка и компјутерска обработка**

Виш пред. м-р Даниела Велкова

**Корица**

Виш пред. м-р Даниела Велкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
005.95/.96(062)

ЗБОРНИК на трудови од третиот симпозиум “Менаџментот и современите практики“ со предметен фокус “Менаџментот и вработливоста“ [Електронски извор]. – Текст, табели, граф. прикази – Скопје : Бизнис академија Смилевски, 2014

Начин на пристап (URL): http://www.bas.edu.mk/
Начин на пристап (URL): http://basim.edu.mk/. – Наслов преземен од екранот. – Опис на изворот на ден 12.06.2014. – Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-4690-06-1

а) Менаџмент на човечки ресурси – Собири
COBISS.MK-ID 96512266

**Програмски одбор:**

1. Доц. д-р Кристина Крстеска, БАС Институт за менаџмент, Битола претседател;
2. Проф. д-р Димитар Ефтимоски, Факултет за администрација и менаџмент на информациони системи – ФАМИС, Битола:
3. Мустафа Мандал – Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ, Скопје;
4. Вон. проф. д-р Емилија Стевановска, БАС Институт за менаџмент, Битола;
5. Доц. д-р Гордана Тасевска, БАС Институт за менаџмент, Битола;
6. Проф. д-р Цветко Смилевски, професор во пензија на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје;

**Организациски одбор:**

1. Доц. д-р Маја Кочоска, БАС Институт за менаџмент, Битола, претседател;
2. Пред. м-р Васил Стамболиски, Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје;
3. Наташа Николовска, деловен секретар на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје;
4. Ненад Дафинчевски, координатор за теренска студентска практика на Бизнис академија Смилевски – БАС, Скопје;
5. Ана Ивановска, координатор за теренска студентска практика на Бизнис академија Смилевски – БАС, одделение за дисперзирани студии, Битола;
6. Билјана Бајрактарова МБА, координатор за теренска студентска практика на Бизнис академија Смилевски – БАС, одделение за дисперзирани студии, Струмица;

# СОДРЖИНА

МЕНАЏМЕНТОТ И ВРАБОТЛИВОСТА ВО ФЕРШПЕД АД СКОПЈЕ ........ 12
Лорета Шкиљевиќ ........ 12
ПЕРСПЕКТИВИ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ПРЕКУ ПОЛИТИКИТЕ НА ДРЖАВАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНОСТА ........ 17
м-р Димитар Аневски ........ 17
МЕНАЏИРАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ СО ПОСЕБЕН АКЦЕНТ ЗА СОЗДАВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ НА РАНЛИВИТЕ ГРУПИ ........ 23
Доцент д-р Марјан Танушевски ........ 23
ПРОЦЕСНО ОРИЕНТИРАНИ ОДЛУКИ ПОВРЗАНИ СО БРОЈОТ НА ВРАБОТЕНИ ВРЗ ОСНОВА НА БИЗНИС ПЛАНИРАЊЕТО ........ 30
Доц. Д-р. Кристина Крстеска ........ 30
ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И САМОВРАБОТУВАЊЕТО ЕДНА ОД МЕРКИТЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕВРАБОТЕНОСТА ВО ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР ........ 34
М.Р. Солунчевски ........ 34
И.М. Солунчевска ........ 34
НАМАЛУВАЊЕ НА ЈАЗОТ ПОМЕЃУ ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ СО ЦЕЛ ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ НА МЛАДИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ........ 40
Анде Јанков ........ 40
Мартин Стојановски ........ 40
НЛП КОМПЕТЕНЦИЈА ЗА НОВОТО РАБОТНО МЕСТО ОД 21 ВЕК ........ 46
м-р Ана Салтирова Давидовски ........ 46
СЕЛЕКЦИЈА И ИЗБОР НА ТЕЛЕНТИРАНИ КАДРИ ВО СПОРТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ........ 51
Доц. д-р Виктор Митревски ........ 51
РАКОТВОРБИТЕ КАКО ПРЕТПРИЕМАЧКА ИДЕЈА ЗА СОПСТВЕН БИЗНИС ........ 57
м-р Душица Неделкоска ........ 57
КРЕАТИВНОСТА ОСНОВНА ДЕТЕРМИНАНТА НА ИНОВАТИВНОСТА НА КОМПАНИИТЕ ........ 64
Доц. д-р Моника Марковска ........ 64
М-р Ана Секуловска ........ 64
М-р Виолета Стевановска ........ 64
РАЗВИВАЊЕ НА ЕФЕКТИВЕН УЧИЛИШТЕН МЕНАЏМЕНТ ВО НАСОКА НА ПОДОБРА ВРАБОТЛИВОСТ ........ 69
М-р Илче Соклевски ........ 69
МАЛИТЕ БИЗНИСИ ОСНОВА И ПРИОРИТЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИТЕ И РЕГИОНАЛНИТЕ ЗАЕДНИЦИ........ 74
Доц. д-р Зоран Б. ЈОВЕСКИ ........ 74
МЕНАЏИРАЊЕ И ПРИСПОСОБУВАЊЕ НА ВНАТРЕШНАТА ОРГАНИЗАЦИОНА ГРУПА: СРЕДИНАТА И ПОТРЕБИТЕ ........ 79
М-р Нухи Села, докторант ........ 79
Проф. д-р Хамит Алиу ........ 79
М-р Бурим Алили ........ 79
ДОБРИ ПРАКТИКИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРЕДМЕТОТ ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМАШТВО ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РМ ........ 84
Магистрант Мирјана Соклевска ........ 84

КОМПАРАТИВНИ ПЕРСПЕКТИВИ НА КОМПЕТЕНЦИИТЕ БАРАНИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ И КОМПЕТЕНЦИИТЕ СТЕКНАТИ ВО ОБРАЗОВАНИТЕ СИСТЕМИ ... 89

Виш пред. м-р Тони Соклевски, докторант ... 89

ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА И ИНТЕГРАЦИЈА НА ТАЛЕНТ МЕНАЏМЕНТ ВО СПОРТСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ... 96

Пред. м-р Срџан Прокиќ, докторант ... 96

Пред. м-р Никола Пановски ... 96

ПРЕТПРИЕМАЧКОТО УЧЕЊЕ ВО ПОТТИКНУВАЊЕТО НА ЧУВСТВОТО ЗА ИНИЦИЈАТИВНОСТ КАЈ МЛАДАТА ПОПУЛАЦИЈА ... 103

Доц. д-р Гордана Тасевска ... 103

УСПЕШНОТО ПЛАНИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО КАРИЕРНАТА ПАТЕКА КАКО МОЖНОСТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТНО РАБОТНО МЕСТО ... 115

М-р Наташа Ристевска ... 115

Пред. М-р Дијана Дамевска, докторант ... 115

ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛЕГЕНЦИЈА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ВРАБОТЛИВОСТ ... 119

Александар Пусоски ... 119

Кристијан Никодиновски ... 119

АНАЛИЗА НА ВРСКАТА ПОМЕЃУ ИМПОРТЕРСКИ СЕРВИСЕН ЦЕНТАР ЗА ВОЗИЛА И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ... 123

нас. пред. м-р. Васил Стамболиски ... 123

КОМПЕТЕНЦИИТЕ НА КАНДИДАТОТ ЗА РАБОТА КАКО ПРЕДУСЛОВ ЗА ЕФЕКТИВНО ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТАТА ... 128

Пред. м-р Дијана Дамевска, докторант ... 128

Позитивните светски практики во развој на професионални маркетинг компетенции ... 134

Филип Стојановски ... 134

ДОМИНАНТНИ КОМПЕТЕНЦИИ ВО СОВРЕМЕНИОТ МЕНАЏМЕНТ ... 141

Доц. д-р Марија Котевска Димовска ... 141

М-р Николче Д. Талевски ... 141

ПОТРЕБАТА НА КВАЛИФИКУВАНИ КАДРИ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД И ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ 146

Наташа Николовска ... 146

Ненад Дафинчевски ... 146

НАСТАВНИ ФОРМИ ЗА ПОНУДА НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА МЕНАЏИРАЊЕ И САМОВРАБОТУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА СТУДИРАЊЕТО ... 150

Д-р Ристо Иванов ... 150

КАРИЕРА И КАРИЕРЕН РАЗВОЈ ... 155

м-р Емануела Есмерова, наставник ... 155

ПОЛИТИКИТЕ НА ПАЗАРОТ НА ТРУД ВО НАСОКА НА ПОДИГНУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА ... 165

Д-р Емилија Стевановска ... 165

СТРАТЕГИСКИ ОСВРТ ВРЗ ПОТРЕБАТА ОД ИНСТИТУЦИОНАЛНА ПОЛИТИКА ЗА РАБОТНО ВОВЕДУВАЊЕ . 171

Доц. д-р Лидија Стефановска ... 171

МБА Стеве Стефановски ... 171

КОМПЕТЕНТНОСТА НА ТОП МЕНАЏЕРИТЕ VS. МАРКЕТИНГ-МЕНАЏЕРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ... 177

М-р Мартин Ѓорѓиев ........................................................................................................177
ИНОВАЦИИТЕ КАКО НЕОПХОДЕН ФАКТОР ЗА РАЗВОЈ ......................................................................183
м-р Милена Бошкоска Клисароски ......................................................................................183
ПРИДОНЕСОТ НА ВИСОКООБРАЗОВНИТЕ УСТАНОВИ ВО КАРИЕРНИОТ РАЗВОЈ НА СТУДЕНТИТЕ............189
Виш пред. м-р Даниела Велкова ..........................................................................................189
НОВИ МЕНАЏМЕНТ ПРАКТИКИ ВО ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ КАКО ИДНА РАБОТНА СИЛА ......199
Д-р Шекеринка Ивановска.....................................................................................................199
Славољуб Ивановски ............................................................................................................199
Наташа Куртеска ..................................................................................................................199
СО НАМАЛУВАЊЕТО НА ЈАЗОТ ПОМЕЃУ ПОНУДАТА И ПОБАРУВАЧКАТА НА ТРУДОТ КОН ПОГОЛЕМА ВРАБОТЛИВОСТ ВО ИТ СЕКТОРОТ ..............................................................................................205
Пред. м-р Дијана Дамевска, докторант ..................................................................................205
Владимир Наумовски, магистрант.........................................................................................205
СОКРАТОВИОТ МЕТОД ВО НАСТАВНИОТ ПРОЦЕС .............................................................................210
Mr. sc. Arbona Xhemajli ........................................................................................................210
ВРАБОТЕНОСТА НА ЖЕНАТА КАКО ФАКТОР НА ВЛИЈАНИЕ НА НАТАЛИТЕТОТ ВО МАКЕДОНИЈА ............215
Проф. д-р Трајко Мицески ....................................................................................................215
М-р Наташа Стојовска ..........................................................................................................215
ПРИМЕНА НА КРЕАТИВНОСТ ВО МЕНАЏЕРСКОТО ОДЛУЧУВАЊЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ПОУСПЕШНО ДЕЛОВНО РАБОТЕЊЕ ..........................................................................................................................220
Проф. д-р Трајко Мицески ....................................................................................................220
М-р Наташа Стојовска ..........................................................................................................220
НАГРАДУВАЊЕТО НА ВРАБОТЕНИТЕ КАКО ДЕЛ ОД МЕНАЏМЕНТОТ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ...................225
м-р Тане Димовски..............................................................................................................225
ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ – НОВА ПЕРСПЕКТИВА ЗА ЛИЧЕН И ПРОЕФИСОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ПОЕДИНЕЦОТ .. 230
Доц. д-р Маја Кочоска ..........................................................................................................230
ВЛИЈАНЕТО НА ДИЗАЈНОТ НА РАБОТАТА ВРЗ ОРГАНИЗАЦИСКАТА СТРУКТУРА, ФАКТОР ЗА ЗГОЛЕМЕНА ВРАБОТЕНОСТ И ДОБРА МОТИВИРАНОСТ.......................................................................................240
Доц. д-р Викторија Кафеџиска ..............................................................................................240
ВОЛОНТЕРСКИТЕ ПРОГРАМИ – ПОМОШ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИТЕ.......................................244
Кристијан Никодиновски......................................................................................................244
МОЌТА НА ТАЛЕНТИРАНИТЕ МЛАДИ ЛУЃЕ ЗА САМО-ВРАБОТУВАЊЕ, КАКО ОСНОВА НА СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО .........................................................................................................249
Емилија Мајковска ...............................................................................................................249
ВОДСТВОТО И ЛИЧНИОТ РАЗВОЈ КАКО ДЕЛ ОД МЕНАЏМЕНТОТ И ВРАБОТЛИВОСТА...........................255
Трајче Спасевски ..................................................................................................................255
КРЕИРАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ВО ФИРМИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА МЛАДИ ЛУЃЕ ...............................260
Ана Ристевска ......................................................................................................................260
ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО НАСТАВНАТА ПРАКТИКА КАКО УСЛОВ ЗА ЕФЕКТИВНО ОБРАЗОВАНИЕ ...........265
Андријана Мигуловска..........................................................................................................265

КАРИЕРНА АНГАЖИРАНОСТ – МОСТ ПОМЕЃУ КАРИЕРНОТО СОВЕТУВАЊЕ И АНГАЖИРАНОСТА НА РАБОТНОТО МЕСТО ....... 270
Ивана Дојчиновска-Стојановиќ ....... 270
ПЛАНИРАЊЕ НА КАРИЕРА ....... 276
Д-р Мирјана Стојческа Ѓорѓиоска ....... 276
Д-р Мимоза Серафимова ....... 276
Евгенија Ѓорѓиоска ....... 276
ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ПРАВИЛНИОТ ИЗБОР И СЕЛЕКЦИЈА ....... 283
Андријана Кулевска ....... 283
Николина Стојковска ....... 283
Доц. д-р Виктор Митревски ....... 283
СОЦИЈАЛНОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО МАКЕДОНИЈА И ПОТРЕБАТА ОД КАРИЕРНО СОВЕТУВАЊЕ ЗА ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНИТЕ ПРЕТПРИЕМАЧИ ....... 289
Жаклина Гештаковска Алексовска ....... 289
ТЕРЕНСКАТА СТУДЕНТСКА ПРАКТИКА КАКО ФАКТОР ШТО ВЛИЈАЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА ....... 295
Ненад Дафинчевски ....... 295
Наташа Николовска ....... 295
ВИРТУЕЛНИТЕ КОМПАНИИ – МОЖНОСТ ЗА РАЗВИВАЊЕ НА КОМПЕТЕНЦИИ КАЈ СТУДЕНТИТЕ ....... 301
Александра Тасева ....... 301
УЧЕЊЕ ПРЕКУ ПРОЕКТИ МОЖНОСТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВРАБОТЛИВОСТА КАЈ МЛАДИТЕ ЛУЃЕ ....... 305
Билјана Бајрактарова ....... 305
Величка Георгиева ....... 305
ИСТОРИСКИТЕ СОЗНАНИЈА КАКО ПОМОШ ВО ГРАДЕЊЕТО НА УСПЕШНА КАРИЕРА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ....... 311
М-р Скандиловска Александра ....... 311
ПРЕТПРИЕМАШТВОТО И САМОВРАБОТУВАЊЕТО ....... 316
М-р Елена Донева ....... 316
МЛАДИТЕ ВО АКЦИЈА –НОВИ МЕНАЏМЕНТ КОМПЕТЕНЦИИ ЗА НОВИ РАБОТНИ МЕСТА ....... 320
Катерина Младеновска Саркисиан ....... 320
КАРИЕРЕН РАЗВОЈ ВО ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА ....... 325
м-р Маја Милевска-Кулевска, докторант ....... 325
УЛОГАТА НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И МОЖНОСТИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАЗВОЈОТ НА КАРИЕРНАТА ПАТЕКА ....... 330
Филип Никодиновски ....... 330
ДЕЛОВЕН СОФТВЕР И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ....... 334
Пред. М-р. Ѓорѓи Николов ....... 334
ПРОБЛЕМИ ПРИ ВРАБОТУВАЊЕТО НА МЛАДИТЕ ЛИЦА ВО МАКЕДОНИЈА ....... 338
Ивана Далевска ....... 338
Симона Наќева ....... 338
ПАЗАР НА ТРУД ....... 342
М-р Стефанија Мирческа ....... 342

СТРУКТУРНАТА НЕВРАБОТЕНОСТ-ПРОБЛЕМ ЗА МЕНАЏМЕНТОТ И ВРАБОТЛИВОСТА ............................345
Викторија Атанасова ............................................................................................................345
УЛОГАТА НА НЕВЛАДИНИОТ СЕКТОР ВО ПОДОБРУВАЊЕТО НА ВРАБОТЛИВОСТА ...............................349
Иван Ѓорѓиевски ..................................................................................................................349

# ВРАБОТЕНОСТА НА ЖЕНАТА КАКО ФАКТОР НА ВЛИЈАНИЕ НА НАТАЛИТЕТОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Проф. д-р Трајко Мицески**

Економски факултет, Универзитет "Гоце Делчев"
Штип trajko.miceski@ugd.edu.mk

**М-р Наташа Стојовска**

Економски факултет, Универзитет "Гоце Делчев"
Штип natasa.stojovska@ugd.edu.mk

УДК: 314.12:331.5-055.2(497.7)

## АПСТРАКТ

Намалениот наталитет не е демографска карактеристика само за земјите во транзиција и развој, туку и за високо развиените земји. Негативниот тренд на движење на населението со кој се соочуваат сите земји укажува на неколку глобални промени кои имаат помал или поголем придонес. Сите тие се јавуваат како последица на современото живеење изразено преку подобрите општи услови за живеење, поширока и подостапна здравствена услуга, поголем степен на образованост на жената и нејзина вклученост на пазарот на труд.

Економскиот, социјалниот и културниот напредок на човекот водат кон зголемување на потребите за професионален развој, лично задоволство и уживање, од една страна, а намалување на желбата за деца, од друга страна.

**Клучни зборови:** наталитет, пазар на труд, жена, вработеност, фактор.

## ВОВЕД

Брзото темпо на живот кое го наметнаа современите трендови (глобализацијата, информациските и технолошките иновации, поголема вклученост на жената во деловниот свет и други) водат кон поместување на границата на стапување во брак, а аналогно на тоа и намалување на бројот на склучени бракови и родени деца. Имено, кај девојките и момчињата се повеќе се зголемува желбата за достигнувања на професионално ниво, патувања и хедонизам, наспроти намалениот интерес за стапување во брак и раѓање деца. Логичниот исход од ваквите состојби е намален наталитет.

Сè поголемата застапеност на жената на пазарот на труд во Македонија се јавува како еден од најзначајните фактори кој индиректно води кон намалување на стапката на наталитет преку одложување на бракот и насочување кон кариерата. Следејќи го светскиот тренд, младите жени во Македонија сè повеќе го насочуваат своето внимание, време и труд кон обезбедување работно место и градење кариера, додека бракот и децата доаѓаат во втор план. Денешниот профил на поголемиот број млади жени е деловна жена, а потоа мајка, но обратниот случај (прво мајка, а потоа жена со кариера) е сè поретко.

## ПОЗНАЧАЈНИ ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА НАМАЛЕНИОТ НАТАЛИТЕТ

Постојат бројни фактори кои го детерминираат природното движење на населението. Со самиот факт дека репродукцијата на деца вклучува две личности (маж и жена), анализата на наталитетот не може да започне без сеопфатна анализа на меѓусебните односи на мажот и жената, како и бројните културни, економски, социјални, психолошки, политички и технолошки фактори кои влијаат на нив.

Во групата на *економски фактори* кои влијаат на наталитетот спаѓаат животниот стандард, приходот по основ на вработеност и материјалните можности. Главен економски фактор кој влијае на одлуката за дете е секако висината на приходот по основ на вработеност. Имено, соодветно ниво на материјални ресурси (пари, дом) е неопходно за животна егзистенција, а секој вишок го поттикнува интересот за деца. Лошите економски услови во нашата земја, изразени преку нискиот животен стандард, несигурноста на работното место и зголемените трошоци за живот, водат кон загрозување на животната егзистенција на брачните парови, а тоа влијае на ограничување на бројот на деца на едно или најмногу две, а во најлоши случаи ниту едно.

Но, она што изненадува е фактот дека лицата и брачните парови кај кои економските услови се на задоволително, дури и високо ниво, имаат значително понамалена мотивација и желба за деца. Кај нив, економските можности служат како мотивација за постигнување уште повеќе на личен план (задоволство, богатство и кариера). Со други зборови, тие покажуваат поголема спремност за задоволување на индивидуалните потреби, наспроти подготвеност за делење на тие можности со уште едно лице т.е. дете.

*Техничко - технолошкиот напредок* го менува вредносниот систем на човекот. Ако порано прекинувањето на бременоста се сметаше за неморална, неетичка и непосакувана постапка, денес ваквата постапка е законски одобрена и често применувана. Сè повоочлива е поврзаноста на поголемото знаење со немањето деца. Токму најинтелектуалните, најбогатите и најелитните лица немаат деца или доколку имаат, најчесто станува збор за едно дете. Ова зборува за големиот напредок во сите области кои имаат некакво влијание на репродуктивната способност, желба и потенцијал. Имено, напредокот во медицината овозможи лесно прекинување на бременоста преку абортус или спречување на забременувањето преку употреба на контрацептивни средства (Hatcher et al. 1984, p.56).

Многу значајно влијание на наталитетот имаат *психолошките фактори*, кои произлегуваат од внатрешноста на човекот, поточно од неговите верување, ставови, мотивација, искуство и животен стил. Во услови на раст на расположливиот доход, стресен начин на живот и недостаток на време, променетите барања, вкусови и желби укажуваат на зголемена потреба за уживање, мали задоволства и поквалитетно слободно време. Денес, брзото темпо на живот ја зголемува желбата за задоволство и телесно уживање, додека спремноста за делење на времето, можностите и задоволството со свое дете се губи (Демерџиев 1998, стр.37).

## ПОГОЛЕМАТА ПАРТИЦИПАЦИЈА НА ЖЕНАТА НА ПАЗАРОТ НА ТРУД КАКО ФАКТОР НА НАМАЛЕНИОТ НАТАЛИТЕТ

Со сè поголемата партиципација на жената во социјалниот, економскиот и политичкиот свет, постепено се намалува моќта на мажот и во однос на репродуктивните прашања паралелно со останатите животни прашања. Денес, мажот нема авторитет врз жената како што било случај порано. Таа не се потчинува целосно на неговите желби, нема безусловна доверба во него, може да одлучува сама за плодот, му се спротивставува доколку не се согласува со неговите ставови. Всушност, еднаквоста на мажот и жената во поглед на образованоста, интелектот и материјалните можности овозможи самостојно одлучување на жената за репродуктивните прашања.

Денешното ниво на едуцираност, интелегентност и продуктивност на жената се изедначи со она на мажот, а ова од една страна, овозможи исти работни места, плати и полова недискриминација при вработувањето, но и намален интерес за брак и деца, од друга страна. Тие, мотивирани од заработката на пазарот на труд, се насочуваат кон работата и професионалното усовршување, а бидејќи бракот носи трошоци, сè почесто одлучуваат да не се мажат (Jacobsen 2010).

За разлика од порано, кога влегувањето во брак за жената значеше прифаќање на улогата на домаќинка, мајка и сопруга, денес, над сите нив се издигнува улогата на деловна жена, односно работничка. Ваквата промена на приоритетите индиректно влијае на намален број бракови. Имено, жената при изборот на партнер поставува повисоки критериуми кои треба да ги поседува во однос на образованоста, интелегенцијата и финансиската состојба, односно настојува потенцијалниот сопруг да биде соодветен на нејзиниот статус т.е. на нејзино ниво (Paserman 2003). Барањето на соодветниот сопруг одзема време, а ова води кон одложување на бракот или невлегување во брак.

## КОРЕЛАТИВНА ЗАВИСНОСТ МЕЃУ СТАПКАТА НА ВРАБОТЕНОСТ НА ЖЕНАТА И СТАПКАТА НА НАТАЛИТЕТ ВО МАКЕДОНИЈА

Интересот на нашето истражување беше да се утврди корелативната зависност помеѓу стапката на вработеност на жената и стапката на наталитет, поради што е извршена пресметка на коефициентот на корелација преку користењето на едноставна корелација:

$$Y_i = \hat{\beta}_0 + \hat{\beta}_1 X_i + \varepsilon_i$$

каде стапката на вработеност на жената е земена како независно променлива големина (X) , а стапката на наталитет како зависно променлива големина (Y), односно се испитуваше дали стапката на вработеност на жената има и во кои размери влијание врз стапката на наталитет.

Согласно пресметките претставени во табела 1, добиениот коефициент на корелација меѓу стапката на вработеност на жената и стапката на наталитет е многу слаб и изнесува 0,0669, што значи дека може да се рече дека во анализираниот период не постои корелативна зависност. Со други зборови, коефициентот на детерминација во набљудуваниот временски период е безначаен и изнесува 0,45%, што значи

стапката на вработеност на жената скоро нема никакво влијание (0,45%) врз стапката на наталитет, додека останатите 99,55% се резултат на влијанието на други фактори.

*Табела 1. Пресметка на коефициентот на корелација меѓу стапката на вработеност на жените и стапката на наталитет во Македонија во периодот 2000-2012*

| Година | Стапка на вработеност на жени* X | Стапка на наталитет* Y | Линија на регресија $Y_i$ | Резидуални вредности $\varepsilon_i^2$ |
|---|---|---|---|---|
| 2000 | 27,1 | 14,5 | 12,1037 | 5,7423 |
| 2001 | 30,9 | 13,3 | 11,9305 | 1,8757 |
| 2002 | 28,1 | 13,7 | 12,0581 | 2,6958 |
| 2003 | 27,7 | 13,3 | 12,0763 | 1,4974 |
| 2004 | 25,4 | 11,5 | 12,1812 | 0,4640 |
| 2005 | 26,6 | 11,0 | 12,1265 | 1,2690 |
| 2006 | 27,0 | 11,1 | 12,1082 | 1,0166 |
| 2007 | 28,4 | 11,1 | 12,0444 | 0,8919 |
| 2008 | 28,8 | 11,2 | 12,0262 | 0,6826 |
| 2009 | 29,4 | 11,5 | 11,9988 | 0,2488 |
| 2010 | 29,8 | 11,8 | 11,9806 | 0,0326 |
| 2011 | 30,9 | 11,1 | 11,9305 | 0,6897 |
| 2012 | 30,8 | 11,4 | 11,9350 | 0,2862 |
| Вкупно | 370,9 | 156,5 | 156,5000 | 17,3926 |

**Извор: Државен Завод за статистика на Р.Македонија*

Движењето на стапките на вработеност на жената и наталитетот во Македонија е претставено на Графикон 1.




*Графикон 1. Корелативна зависност меѓу стапката на вработеност на жените и стапката на наталитет во Македонија*

Во поглед на партиципацијата на жената на пазарот на труд и состојбата со наталитетот, Македонија го следи светскиот тренд. Така, во последната деценија се забележува постепен раст на вработеноста на жената наспроти постепеното намалување на наталитетот. Од табеларниот, а посебно од графичкиот приказ се забележува одредена корелација кај стапките на вработеност на жената и наталитетот во Македонија. Ваквата поврзаност е логична имајќи го во предвид фактот дека вработеноста на жената се јавува како една од детерминантите на наталитетот. Меѓутоа, она што веднаш се забележува е дека влијанието на вработеноста на жената врз наталитетот варира по години од причини што врз наталитетот, покрај

вработеноста, влијаат бројни фактори од најразлична природа. Сите фактори имаат различен интензитет на влијание во различни години.

Во периодот од 2002-2004 година промените во стапката на вработеност на жената се пропратени со соодветни промени во стапката на наталитет. Спротивно на ваквата позитивна корелација, во повеќето години, зголемените стапки на вработеност резултираат со намалени стапки на наталитет. Објаснувањето за ваквите негативна корелација на овие две стапки се состои во тоа што насоченоста на жената кон обезбедување работно место, градење на кариера и стекнување нови знаења, значи жртвување на можноста за формирање семејство. Мотивирани од желбата за самопотврдување, професионален развој и финансиска стабилност, кај жените се намалува желбата за брак и дете.

## ЗАКЛУЧОК

Не постои, а и не треба да постои земја која не води сметка за состојбата со наталитетот на своето население. Иако ова е задача за секоја земја, податоците за намалениот наталитет го оспоруваат овој факт. Загрижувачките бројки за намалениот број раѓања на деца укажуваат на потребата за итни мерки кои ќе го решат најголемиот демографски проблем на денешницата.

Во овој поглед, доста значајна е улогата на земјата. Иако во последните години акцијата на Владата за поттикнување на раѓањето на трето и четврто дете преку обезбедување на финансиска поддршка даде одредени резултати, сепак сеуште постојат законски прописи кои ја ограничуваат репродукцијата. Имено, честа практика кај нас е предност за вработување да имаат оние жени кои веќе имаат деца, односно ја исполниле репродуктивната должност, а сеуште постои и несигурност на работното место доколку се забремени. Токму од овие причини, младите девојки кои се пред мажење и жените кои штотуку стапиле во брак го одложуваат бракот и раѓањето деца додека не исполнат доволен стаж и изградат кариера.

Сето ова укажува на потребата за креирање мерки со кои ќе се создадат поволни услови за раѓање и израснување на едно дете. Тие би требало да опфатат обезбедување работно место за секоја невработена мајка, поголема финансиска помош и повисок животен стандард за целокупното население во нашата земја.

## БИБЛИОГРАФИЈА

7. Hatcher, Robert A, Guest, Felicia, Stewart, Felicia, Stewart, Gary K. Trussel, James & Frank, Erica 1984, *Contraceptive Technology*, 12th revised edition, Irvington, New York
8. Joyce P, Jacobsen 2010, *The economics of gender*, Превод од Владата, Академски печат, Скопје, Универзитетска библиотека, УГД
9. Paserman, Daniele M 2003, ‘Waiting for Mr.Right: Rising inequality and declining marriage rates’, *Journal of urban economics*, vol.53, no.2
10. Morgan, Philip S, Diane, Lye N & Gretchen, Condran A 1988, ‘Sons, daughters and the risk of marital disruption’, *American journal of sociology*, vol.94, no.1
11. Демерџиев К 1998, ‘Автогеноцид’, печатница Софија- Богданци, Скопје
12. Државен завод за статистика на Р.Македонија 2014, ‘*Статистика за пазар на труд 2014’,* Преземено од: <http://www.stat.gov.mk/OblastOpsto.aspx?id=14> (08.01.14)